РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-268/6
16.07.2025 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте триесет и петата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 24 јуни 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 24 јуни 2025 година, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте триесет и петата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, Сафет Кадрии, заменик член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО Златко Биковски, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

Од седницата од оправдани причини беше отсутна м-р Антоанета Димовска, член на УО, која навремено извести дека не е во можност да присуствува на седницата со физичко присуство, а исто така и нејзиниот заменик член извести дека не е во можност да присуствува на седницата.

Од седницата исто така беше отсутен и д-р Али Алиу, член на УО, кој десетина минути пред да почне седницата на Управниот одбор на вибер групата на Управниот одбор ги извести членовите на Управниот одбор дека поради оправдани причини не може да присуствува на седницата на Управниот одбор со физичко присуство.

На седницата присуствуваше и директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија, откако констатираше дека има кворум да се одржи двесте триесет и петата седница, премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата и отвори дискусија по однос на истиот:

1. Усвојување на записник од 234-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

2. Разгледување на допис за назначување на член во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.
3. Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители.
4. Разно.

Со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, претседателот на Управниот одбор го стави на гласање вака предложениот дневен ред и истиот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - усвојување на записник од 234-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа дека никој не побара збор, записникот од 234-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со шест гласа ЗА. Заменик членот на Управниот одбор, судијата Сафет Кадрии се иззема од гласањето бидејќи истиот не беше присутен на претходната седница од која е записникот-предмет на усвојување.

Наредната точка на дневниот ред беше **втората точка** - Разгледување на допис за назначување на член во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка.

За збор се јави државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска, која кажа дека веќе се поминати пет месеци откако е почната постапката и дека смета дека веќе се исполнети условите да се изврши замената на член во Програмскиот совет на Академијата. Таа посочи дека сите услови се исполнети и дека има докази за исполнетост на условите за предложениот член од Министерството за правда.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот на Управниот одбор го стави на гласање предлогот на Министерството за правда на РСМ - Андреја Весов да биде назначен за член на Програмскиот совет. 5 членови гласаа ЗА и тоа: м-р Бесник Авдија, претседател на Управниот одбор, јавен обвинител Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, судија Сафет Кадрии, заменик ллен на УО, јавен обвинител Златко Биковски, член на УО и Радица Лазареска Геровскачлен на УО. ПРОТИВ предлогот гласаа претседателот на Советот на јавни обвинители, Душица Димитриеска и заменик претседателот на Советот на јавни обвинители м-р Башким Бесими.

Претседателот на Управниот одбор констатираше дека Андреја Весов е назначен за член на Програмскиот совет на Академијата.

Следна точка на дневниот ред беше **точката три** - Подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка во насока на тоа дали оваа точка треба да биде разгледана на оваа седница со оглед на тоа што некои од членовите на Управниот одбор не се присутни на седницата.

Судијата Сафет Кадрии кажа дека од Академијата му се јавиле и му ги доставиле потребните материјали за оваа точка.

Државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска постави прашање што е потребно да се промени во Статутот. Претседателот на Управниот одбор одговори дека на една од претходните седници кога оваа точка беше ставена на дневен ред беше договорено Статутот да се прегледа и да се оди член по член. Државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска укажа дека треба да се води сметка да не се усогласува текстот на Статутот со законското решение од причина што законското решение е манливо, има недостатоци, грешки и недоречености. Таа укажа дека треба да се направи проценка што треба да се менува и за која намена, а да не се прават измени заради измени.

Јавниот обвинител Златко Биковски го праша Државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска дали располага со информации дали се подготвува измена на Законот за Академија, а членот на УО Радица Лазареска Геровска кажа дека во овој момент тоа не се подготвува, но дека Министерството чека било кој да иницира таков процес и ќе се формира работна група. Укажа дека во моментот тоа не е во приоритетите на Министерството за правда на РСМ, бидејќи во овој период Министерството за правда е фокусирано на реформските чекори кои се утврдени од страна на Брисел, со стриктно наведени рокови и тие се услов за нешто сосема друго што се однесува на целата држава. Таа посочи дека Законот за Академија за судии и јавни обвинители не е во таа група закони, дека законското решение веќе има утврдени недостатоци уште од поодамна, но сега тие недостатоци веќе се манифестираат, особено во процесот на прием на кандидати. Државниот советник посочи дека тешко може да се процесуира ново законско решение до крајот на годината од причина што Министерството е фокусирано на законски решенија од реформската агенда и дека од месец јули до октомври или ноември ќе биде изборен процес. Додаде дека доколку има некаков предлог за измени може да се формира работна група по итна постапка, која ќе може да работи до крајот на годината и дека познавајќи ја динамиката за донесување закони, до 2026 година нема да има измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

Директорот на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски посочи дека до Министерството за правда на РСМ е доставена иницијатива за потребата од измена на

законот.

Државниот советник од Министерството за правда на РСМ кажа дека добро би било Академијата да излезе со конкретни предлози бидејќи сепак Академијата го практикува законот и треба да каже каде има проблем во примената на законот. Додаде дека е факт дека има проблем со бодувањата, дека е премногу сложен начинот на влез во Академијата .

Јавниот обвинител Златко Биковски праша дали Министерството би одело со измена на законот или со целосно ново законско решение, а Државниот советник од Министерството за правда на РСМ, Радица Лазареска Геровска кажа дека секогаш се почнува со измени и дополнувања, но има нормативни правила доколку се менува повеќе од една третина од нормите тогаш има обврска да се оди со нов целосно ново законско решение и тогаш постапката е малку подолга бидејќи законот треба да се објави на Енер, па има период за давање коментари итн. Таа кажа дека ги поканува Академијата и вработените да ги дадат своите предлози и да ги потенцираат недостатоците од примената на Законот кои што се воочени од нивна страна како секојдневни практичари на истиот, се со цел да се надминат тие проблеми, како што се влезот на кандидатите во Академијата, лошата распределба на судии и јавни обвинители, единствената обука итн. Таа кажа дека веќе се има доволно искуство, односно дека поминале 20 години од почетокот и дека сега може да се донесе едно неизбрзано законско решение кое ќе биде резултат на сеопфатни анализи. Како пример ги посочи измените на Законот направени во март 2024 година, кои се типичен пример за избрзана измена, која што во голем дел го стопираше процесот на полагање на испити во почетна обука.

Претседателот на Управниот одбор ги праша членовите на УО дали сакаат оваа точка да се одложи за наредна седница со оглед на тоа дека членот на УО, м-р Антоанета Димовска не е присутна, членот на УО судија Беса Адеми на една од претходните седници укажа дека се има подготвено за расправа по однос на оваа точка, а исто така и членот на УО, д-р Али Алиу не е присутен на денешната седница. Претседателот на Управниот одбор укажа дека со меѓусебен договор за оваа точка сите членови треба да бидат присутни со физичко присуство.

Заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова го изнесе своето мислење дека тоа би бил најдобар предлог бидејќи претходно членовите на УО се договориле да пристапат посериозно во делот на измените на Статутот и треба да има полн состав. Таа укажа дека доколку се пристапи кон измена на Статутот, членовите да се договорат дали ќе ги разгледуваат сите одредби, односно одредба по одредба или пак фокусот ќе биде на одредбите кој според членовите на УО треба да претрпат определени измени. Додаде дека според неа најдобро е да се оди одредба по одредба

и да се поминат и одредбите кои се на прв поглед добри, со тоа што на да се направи договор кои одредби на наредната седница да се разгледуваат.

Заменик членот на Управниот одбор, судијата на Врховниот суд, Сафет Кадрии укажа дека добро би било точката да се одложи бидејќи неофицијално, членот на УО, судијата Беса Адеми кажала дека веќе има работено на измената на Статутот.

По исцрпување на дискусијата, Претседателот на Управниот одбор го стави предлогот, точката три - подготовка на предлог текст на Статут на Академијата за судии и јавни обвинители да се одложи за наредната седница и предлогот беше едногласно усвоен.

Се премина кон разгледување на **четвртата точка** на дневен ред – точката Разно. Претседателот на Управниот одбор збор и даде на директорката, која кажа дека под оваа точка е доставено исплатното ливче за месец април и дека е пратена ургенција за назначување на заменик член во УО од Здружение за судии, на местото на судија Дитурие Елези Незири, но сеуште нема добиено повратен одговор до Академијата.

Претседателот на Управниот одбор, м-р Бесник Авдија посочи дека неофицијално е избрано лице за номинација за заменик член на Управниот одбор, но поради тоа што е период на одмори, Здружението на судии сеуште не доставило номинација. Додаде дека наредната недела или во периодот од 1-ви до 15-ти јули ќе биде доставена номинација од Здружението.

На крајот, членовите на УО се договорија наредната седница на Управниот одбор за измената на Статутот на Управниот одбор да биде на 14 јули 2025 година во 13:00 часот, со физичко присуство и за истото ја задолжија Службата за стручно – технички работи на Академијата да извести во вибер групата на Управниот одбор.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 235-та седница на Управниот одбор на Академијата.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

_______________________

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси